# ОПШТИНА НОВАЦИ

**Вид на ревизија:** Ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност

**Период:** 2022

## Изразено мислење

**Финансиски извештаи:** 630, 637, 930

**Број на сметки:** 3

**Усогласеност:** 630, 637, 930

## Клучни утврдени состојби:

- не е утврдена старосна структура за побарувањата по основ на данок на имот од физички и правни лица и комунална такса за назив на деловна просторија, законската можност за нивна наплата, не се преземаат активности за присилна наплата и не се пресметува и наплатува камата за данокот кој не е платен во пропишаниот рок;
- не е извршено ажурирање на пазарната вредност на недвижниот имот;
- одлуката за критериумите за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот (земјоделско и градежно земјиште) не е усогласена со Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот во однос на начинот на пресметување на пазарната вредност земјиштето;
- дел од годишните програми за работа не содржат потребни средства за реализација;
- општината не остварува приходи од надоместокот за одржување на јавната чистота;
- нецелосно извршен попис на средствата и обврските, дел од недвижниот имот не е проценот и не е сметководствено евидентиран;
- непочитување на дел од одредбите од склучениот договор за јавно приватно партнерство;
- инвестиционите вложувања во локалните патишта се без проектна документација и не се изготвува записник за примопедавање на изведените градби;
- неправилности при примената на елементот квалитет при спроведувањето на јавните набавки .

## Системски слабости:

- не е пропишано во кои рокови правните лица овластени за регистрација на возилата треба да ја уплатат комуналната такса за користење на патишта со моторни возила на сметка на општината;
- не е пропишана обврска на трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија кое врши наплата на таксата за користење и одржување јавно осветлување од имателите на броила да ги известува општините за бројот на обврзници по категории (број на броила) согласно тарифниот број, како и за наплатените приходи и ненаплатени побарувања по овој основ и
- состојбата на регистарот на недвижности не е усогласена со регистарот кој го води Агенцијата за катастар на недвижности на Република Северна Македонија.

**Дадени препораки:** 15

**Доставени забелешки:** Да — Не√

**Одговор на забелешки:** Да — Не√

**Линк до ревизорскиот извештај:**

Позитивно мислење | Мислење со резерва | Неповолно мислење | Воздржување од давање на мислење